**ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/135 НА СОВЕТОТ**

**од 28 јануари 2019 година**

**за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на состојбата во Тунис**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 31 јануари 2011 година, Советот ја донесе Одлуката 2011/72/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на состојбата во Тунис.

(2) Врз основа на преглед на Одлуката 2011/72/ЗНБП, рестриктивните мерки треба да се продолжат до 31 јануари 2020 година и внесот за едно лице треба да се отстрани.

(3) Затоа, Одлуката 2011/72/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Одлуката 2011/72/ЗНБП се изменува како што следи:

(1) Член 5 се заменува со следното:

„Член 5

Оваа одлука се применува до 31 јануари 2020 година. Постојано се прегледува. Се продолжува или изменува, како што е соодветно, доколку Советот смета дека нејзините цели не се исполнети.“

(2) Анексот се изменува во согласност со анексот кон оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 28 јануари 2019 година.

*За Советот*

*Претседател*

П. ДАЕА

---

[1] Одлука 2011/72/ЗНБП на Советот од 31 јануари 2011 година за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти со оглед на состојбата во Тунис (Сл. весник L 28, 2.2.2011 година, стр. 62).

# АНЕКС

Во анексот кон Одлуката 2011/72/ЗНБП, внесот 28 (Мохамед Марван Бен Али Бен Мохамед МАБРОУК (Mohamed Marwan Ben Ali Ben Mohamed MABROUK)) се брише.